Bundesamt
für Migration
und Flüchtlinge

# Дозволете ни да ве советуваме

## Советодавни услуги за имигранти

MAZEDONISCH



Integration

JUGEND
MIGRATIONS
DIENSTE

MBE
Migrationsberatung
für erwachsene Zuwanderer



# Искористете ја бесплатната понуда за индивидуално советување за имигранти:

## Советување за миграција за возрасни (MBE) и Служба за миграција на млади (JMD)

### Индивидуалното советување помага

На почетокот, некои работи во Германија ќе ви бидат непознати и необични. Дури и ако сте живееле веќе некое време во Германија, можете да имате прашања за кои ви треба одговор.

За сето ова ќе ви помогне индивидуалното советување, што е тука за вас од самиот почеток. Со него се нуди конкретна поддршка за речиси сите ситуации во секојдневниот живот. Преку него ќе научите да ги преземете работите во свои раце и самите да носите одлуки.



## Советодавни понуди за млади и возрасни имигранти

Советувањето за миграција за возрасни советува и поддржува возрасни имигранти постари од 27 години.

Службите за миграција на млади советува и поддржува млади луѓе со миграциска заднина на возраст меѓу 12 и 27 години.

Во основа, можете да се обратите и до Советувањето за миграција за возрасни имигранти и до Службата за миграција на млади. После вашата прва средба, следните чекори ќе бидат договорени со советодавните институции. Притоа, ќе бидат земени предвид вашата лична ситуација и состојбата на членовите на вашето семејство.

## Подобри можности преку индивидуално советување

Повеќето вработени во советодавните институции го разбираат јазикот на вашата матична земја. Тие исто така ги познаваат општествените, културните и религиозните начини на размислување и однесување кои ви се вам познати. Заедно, ќе развиете план што ќе ви даде ориентација додека ги правите вашите први чекори во Германија. Фокусот на советувањето ќе бидат

вашите лични вештини и познавања. Ќе дознаете кои понуди за поддршка се достапни што ќе ви го олеснат почетокот на вашето живеење во Германија.

Во советувањето можете да разговарате за сите теми од секојдневниот живот, на пример:

- Правни прашања во врска со престојот
- учење на германскиот јазик (на пример, преку учество во курсот за интеграција)
- училишно образование, стручна обука (на пример, образовна биографија, патеки за обука, признавање на професионални квалификации)
- вработување (на пример, обука за апликации, барање работа)
- економска состојба (на пример, приход, кредити, долгови)
- домување (на пример, барање живеалиште, финансирање за живеалиштето)
- здравје (на пример, здравствено осигурување, медицинска нега)
- лична здравствена состојба (на пример, здравствени проблеми)
- брак, семејство и воспитување (на пример, бременост)
- мобилност и сообраќај (на пример, возачка дозвола, јавен превоз)
- рекреација, спорт и слободно време (на пример, отворени понуди, членство во клубови)
- секојдневни активности (на пример, пазарење, контакт со властите)

## Специјални понуди на Службата за миграција на млади за млади луѓе со миграциска заднина

За младите луѓе, првиот пат во странска земја е возбудлив, но и исцрпувачки. На училиште, на обука и на работа, како и при воспоставување нови социјални контакти, тие треба да се справат со посебни предизвици. Службата за миграција на млади ви нуди индивидуално советување, интензивна поддршка и групни понуди, прилагодени на вашите конкретни проблеми и прашања.

Меѓу другото, ќе најдете понуди на следниве теми:

- училиште и образовен систем
- индивидуална обука за образование и планирање на кариерата (во соработка со локалните агенции за вработување)
- учество во сите области на општествениот, културниот и политичкиот живот
- справување со нови медиуми, особено со германски програми за учење



## Онлајн-советување

Покрај личното советување, двете програми ви нудат можност да онлајн-советување. Онлајн-советувањето „mbeon“ и порталот за советување jmd4you ви помагаат брзо да ги разјасните вашите прашања!

Преку mbeon, добивате индивидуална помош и поддршка во формат на разговор (chat) и можете денонoќно да ги поставувате вашите прашања. Советувањето се спроведува преку апликацијата mbeon и е достапно на различни јазици. На mbeon ќе најдете советници кои зборуваат на вашиот јазик и тие се тука за вас.

- www.mbeon.de

Ви ја претставуваме можноста за онлајн-советување за млади мигранти до 27-годишна возраст. Прашањата може да се поставуваат јавно преку функцијата за разговор (chat) или индивидуално. На вашите прашања ќе одговараат искусните вработени во Службата за миграција на млади (JMD).

- Германски јазик *www.jmd4you.de*, како и на
- Англиски јазик *www.your-way-in-germany.org*
- Руски јазик *www.putjwgermaniju.org*
- Турски јазик *www.almanyayolu.org*
- Арапски јазик *www.bousaletuk-fi-almanya.org*
- Албански јазик *www.udherrefyesi-gjermani.org*

Секогаш распрашувајте се кај членовите на семејството, пријателите, колегите од работа, соучениците, вашата заедница или членовите на вашиот спортски клуб за конкретни понуди за советување.

Дознајте повеќе и искористете ги бесплатните понуди за советување!

## Каде можете да добиете повеќе информации за понудите за советување?

Информации за конкретни понуди за советување можете да добиете од следниве институции во вашиот регион, особено од

- општинските, градските или обласните администрации (Gemeinde-, Stadt- oder Kreisverwaltungen)
- организациите под капата на Доброволната организација за социјална помош (Доброволна организација за благосостојба на работниците (Arbeiterwohlfahrt), Германско задружение Каритас (Deutscher Caritasverband), Дијаконија Германија - Евангелско дело за дијаконија и развој (Diakonie Deutschland-Evangelisches Werk für Diakonie und Entwicklung), Германски Црвен крст (Deutsches Rotes Kreuz), Германско здружение за рамноправност (Deutscher Paritätischer Wohlfahrtsverband), Централна канцеларија за благосостојба на Евреите во Германија (Zentralwohlfahrtsstelle der Juden in Deutschland))
- Федерацијата на раселени лица (Bund der Vertriebenen)
- Меѓународната конфедерација (Internationaler Bund)
- организациите одговорни за социјална работа на младите (Träger der Jugendsozialarbeit)
- давателите на курсеви за интеграција (Träger der Integrationskurse)

## Информации можете да најдете на Интернет на:

- *www.bamf.de/DE/Themen/Integration/ZugewanderteTeilnehmende/BeratungErwachsene/beratung-erwachsene-node.html*
- *www.mbeon.de* и
- *www.facebook.com/mbeon.chat*
- *www.jugendmigrationsdienste.de*

## Импресум

**Издавач:**
Bundesamt für Migration und Flüchtlinge
90461 Nürnberg

**Статус:**
10 / 2020

**Печати:**
Silber Druck oHG, Лофелден

**Дизајн:**
MediaCompany – Agentur für Kommunikatikon GmbH

**Заслуга за слике:**
istock / sturti, istock / lisegagne, istock / SDI Productions,
BAMF / Bildkraftwerk / Thomas Geiger

**Опција за нарачка:**
Publikationsstelle des Bundesamtes für Migration und Flüchtlinge
www.bamf.de / publikationen

Можете да ја преземете публикацијата и како PDF-документ на:
www.bamf.de / publikationen

Оваа публикација е издадена од Федералната служба за миграција и бегалци како дел од нејзината работа за односи со јавноста. Публикацијата се дава бесплатно и не е наменета за продажба.

Посетете нè на
www.facebook.com/bamf.socialmedia
@BAMF_Dialog
www.bamf.de

Other Language
www.bamf.de/publikationen